ПРЕДЛОГ 1

Врз основа на член 383 и член 384 од Законот за трговските друштва и член 50 од Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 26.04.2023 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

за одобрување на Годишниот извештај за работата на РЕПЛЕК АД Скопје за 2022 година

Се одобрува и усвојува Годишниот извештај за работата на РЕПЛЕК АД Скопје, за период јануари-декември 2022 година.

Годишниот извештај од став 1 е составен дел од оваа одлука.

Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

_____

ПРЕДЛОГ 2

Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје, ја разгледа Годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2022 година и врз основа на член 50 од Статутот на Друштвото, на предлог на Управниот одбор, на седницата одржана на ден 26.04.2023 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

Се усвојува Годишната сметка и финансискиот извештај за 2022 година на РЕПЛЕК АД Скопје, со следните остварени финансиски резултати:

1.	Вкупен приход	435.305.321,00 Ден.
2.	Вкупен расход	375.639.137,00 Ден.
3.	Добивка од редовно работење пред оданочување:	59.666.184,00 Ден.
4.	Данок на добивка	0,00 Ден.
5.	Добивка од редовно работење по оданочување	59.666.184, 00 Ден.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

_____

ПРЕДЛОГ 3

Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје, ја разгледа Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Групацијата РЕПЛЕК АД Скопје за 2022 година и врз основа на член 50 од Статутот на Друштвото, а на предлог на Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 26.04.2023 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

Се усвојува Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за 2022 година за Групацијата РЕПЛЕК со друштвата, со следните остварени финансиски резултати:

1.	Вкупни консолидирани приходи	1.373.900.132,00 Ден.
2.	Вкупни консолидирани расходи	1.276.025.102,00 Ден.
3.	Консолидирана добивка од редовно работење пред оданочување:	97.875.030,00 Ден.
4.	Данок на добивка	15.938.044,00 Ден.
5.	Консолидирана добивка од редовно работење по оданочување	81.936.986,00 Ден.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

_____

ПРЕДЛОГ 4

Врз основа на член 384 и од Законот за трговските друштва и член 50 од Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 26.04.2023 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор на РЕПЛЕК АД во 2022 година

Се одобрува работа на членовите на Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, одделно за секој член на органот, за периодот јануари – декември 2022 година, во следниот состав:

1. Душан Пецовски - претседател
2. Коста Котески - член
3. Билјана Несторовска Ѓошевска – член
4. Панче Гелевски – член (член од 20.07.2022 година)

Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

_____

ПРЕДЛОГ 5

Собранието на акционери на Реплек АД Скопје врз основа на член 384 од законот за трговските друштва и член 50 од Статутот на Друштвото, а на предлог од Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје за распределба на добивка по годишната сметка за 2022 година, на седницата одржана на ден 26.04.2023 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

за распределба на добивка по годишната сметка на РЕПЛЕК АД 2022 година

1. Добивката по оданочување за 2022 година во износ од 59.666.184,00 денари се распоредува:

   (а) Исплата на дивиденда во нето износ од 1.800 денари по акција, односно бруто износ од 2.000 денари по акција или вкупен бруто износ од 49.418.000 денари

   (б) во акумулирана добивка 10.248.184 денари

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

_____

ПРЕДЛОГ 6

Врз основа на член 487 и член 490 од Законот за трговските друштва и член 36 од Правилата за котација, Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 26.04.2023 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2022 година (дивиденден календар)

Член 1

Согласно Одлуката за распределба на добивка остварена по годишна сметка за 2022 година, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2022 година во висина од 1.800 денари нето, односно 2.000 денари бруто, за една акција.
Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

Член 2

Последен датум за тргување со право на дивиденда за 2022 година е 05.05.2023 година.

Член 3

Прв датум за тргување без право на дивиденда за 2022 година е 08.05.2023 година.

Член 4

Датум на стекнување на право на дивиденда за 2022 година е 09.05.2023 година.

Член 5

Исплата на дивидендата за 2022 година ќе започне од 15.06.2023 година.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

_____

ПРЕДЛОГ 7

Врз основа на член 383 и член 384 од Законот за трговските друштва и член 50 од Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 26.04.2023 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

за усвојување на извештаите од овластениот ревизор

Се усвојуваат Ревизорските извештаи за извршена ревизија на Финансиските извештаи (посебни и консолидирани) на РЕПЛЕК АД Скопје за годината која завршува на 31 декември 2022 година, изготвени од ревизорското друштво ЕФЕКТ-ПЛУС ДООЕЛ – Скопје, членка на PKF International.

Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

_____

ПРЕДЛОГ 8

Врз основа на член 383 и член 384 од Законот за трговските друштва и член 50 и 51 од Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 26.04.2023 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

за одобрување и усвојување на Годишниот извештај за работата на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје за 2022 година

Се одобрува и усвојува Годишниот извештај за работата на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје за период јануари-декември 2022 година.

Годишниот извештај од став 1 е составен дел од оваа одлука.

Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

_____

ПРЕДЛОГ 9

Врз основа на член 384 и од Законот за трговските друштва и член 50 од Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 26.04.2023 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

за одобрување на работата на Надзорен одбор на РЕПЛЕК АД во 2022 година

Се одобрува работа на членовите на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, одделно за секој член на органот, за периодот јануари – декември 2022 година, во следниот состав:

1. Антонио Ѓеоргиевски - претседател
2. Петар Андреевски - член
3. Наум Јанакиев - член (член од 27.04.2022 година)
4. Владимир Гашевски - независен член

Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

_____

ПРЕДЛОГ 10

Врз основа на член 383 и член 479 од Законот за трговските друштва и член 50 од Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 26.04.2023 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

за назначување овластен ревизор за 2023 година

За овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на РЕПЛЕК АД Скопје за 2023 година се назначува Друштвото за ревизија МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје.

Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

_____

ПРЕДЛОГ 11

Врз основа на член 365 од Законот за трговските друштва и член 46 од Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 26.04.2023 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

за определување на месечен паушал на членовите на Надзорниот одбор

На членовите на Надзорниот одбор им се определува месечен паушал во нето износ од 30,000 денари.

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

_____

ПРЕДЛОГ 12

Врз основа на член 50 од Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, а во врска со членовите 287, 383, 417 и 418 од Законот за трговските друштва, Собранието на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 26.04.2023 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

за измена на Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје

1. Се врши измена текстот на Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје и тоа:

Се менува член 40 став 1 и истиот гласи:

Надзорниот одбор брои 5 (пет) члена. Еден од членовите на Надзорниот одбор е независен член.

2. Се овластува Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје да изготви пречистен текст на Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје;

3. Да се спроведат сите потребни дејствија за да се впише промената на Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје во надлежниот регистар;

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

_____

ПРЕДЛОГ 13

Врз основа на член 333 став 1 од Законот за трговските друштва и член 25 и 50 од Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 26.04.2023 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

за стекнување сопствени акции со откуп

Член 1

Се одобрува стекнување на најмногу 2.592 сопствени акции, по најниска цена по акција од 34.698,00 денари односно највисока цена по акција од 107.800,00 денари;

Член 2

Откупот на акциите ќе се изврши во времетраење од најмногу 12 (дванаесет) месеци од денот на донесувањето на оваа Одлука;

Член 3

Вкупниот број на сопствени акции на Друштвото не смее да надмине повеќе од една десетина од основната главнина;

Член 4

Купувањето на акции спротивно на оваа Одлука е ништовно;

Член 5

Правата од стекнатите сопствени акции мируваат се до моментот на нивното оттуѓување;

Член 6

Се овластува Управниот одбор на Друштвото да донесе одлука за назначување на лице овластено во име на друштвото да ги превзема и врши потребните активности околу купувањето на акциите преку Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје;

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

_____

ПРЕДЛОГ 14

Врз основа на член 336 од Законот за трговските друштва и член 50 од Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 26.04.2023 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

за отуѓување на сопствени акции

Член 1

Се одобрува отуѓување на сопствени акции на РЕПЛЕК АД Скопје стекнати до денот на одржувањето на Годишното собрание на Друштвото на ден 26.04.2023 година, како и акциите кои ќе бидат купени согласно Одлуката на Собранието на Друштвото за стекнување на сопствени акции со откуп, донесена на Годишното собрание на ден 26.04.2023 година.

Постапката за отуѓување на сопствени акции ќе се спроведе согласно одредбите од Законот за хартии од вредност;

Член 2

Целта поради која се отуѓуваат сопствените акции е одржување на стабилноста на Друштвото и усогласување со законските одредби.

Номиналната вредност на една обична акција на РЕПЛЕК АД Скопје изнесува 562,42 евра;

Член 3

Купувачите на сопствените акции на РЕПЛЕК АД Скопје ги стекнуваат сите права од акциите согласно Статутот на Друштвото и законските прописи, со денот на уписот во Централниот депозитар за хартии од вредност;

Член 4

Се овластува Управниот одбор на Друштвото да го определи начинот на продажба, цената која не може да биде пониска од вредноста по која се стекнати сопствените акции, како и другите потребни активности и податоци утврдени со Законот за хартии од вредност;

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

_____

ПРЕДЛОГ 15

Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје, ја разгледа Дивидендната политика на РЕПЛЕК АД Скопје за периодот од 2023 до 2027 година и врз основа на член 50 од Статутот на Друштвото, на предлог на Управниот одбор, на седницата одржана на ден 26.04.2023 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

за усвојување на Дивидендна политика

Се усвојува Дивидендната политика на РЕПЛЕК АД Скопје за периодот од 2023 до 2027 година.

Дивидендната политика од став 1 е составен дел од оваа одлука.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

_____